РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4779/2

16-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-4779/1 од 04.10.2023 година, а која се однесува на ---, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност односно наведени се општи обвинувања без конкретни наводи. Исто така по доставената пријава може да се констатира дека нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените активности друг орган е надлежен да постапува и пријавителот истата ја има доставено и до надлежните иснституции.

Предметот со број 12-4779/1 од 04.10.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 04.10.2023 година, поднесена е пријава против ---, и оформен е предмет број 12-4779/1 од 04.10.2023 година.

*Во пријавата подносителот наведува дека пријавата се однесува на --- односно за наводи за корупција и приватен интерес во постапки за јавни набавки, прибавбување на материјали, опрема од државни институции и иплата на финансиски средства и работни односи.*

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот/пријавата, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата по што оцени дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност како и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Исто така по доставената пријава може да се констатира дека нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените активности друг орган е надлежен да постапува и пријавителот истата ја има доставено и до надлежните исвституции.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.С
Одобрил: Г.Т Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk